РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-1324/14 (2020)
23 -12- 2021

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, на 57-та седница одржана на ден 17.12.2021 година донесе

**О Д Л У К А**

Постапката на ДКСК по предмет број 08-1324/1 од 22.02.2020 година, оформен по сопствена иницијатива согласно Годишниот план за следење на имотната состојба и интересите за 2020 година, за проверка на податоците од анкетниот лист на ___________, поднесен по престанок на функцијата јавен обвинител во Основното јавно обвинителество ___________________________, СЕ ЗАПИРА.

По разгледување на прибавените податоци од надлежните институции за имотот на ______________ како и податоците од анкетниот лист на ________________, поднесен по престанок на функцијата јавен обвинител во Основно јавно обвинителество ____________________, ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино натамошно постапување во конкретниот предмет.

Оваа одлука во анонимизирана форма се објавува на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Предметот заведен под број 08-1324/1 од 22.02.2020 година, е оформен по сопствена иницијатива на ДКСК, согласно Годишниот план за следење на имотната состојба и интересите за 2020 година.

_________________ поднела анкетен лист до ДКСК на 14.10.2019 година, по престанок на функцијата јавен обвинител во Основното јавно обвинителество ______________________.

ДКСК од именуваната побара податоци за членовите на нејзиното семејство со кои живее во заедничко домаќинство.

Од страна на _________________ е доставено известување дека нема членови на семејството со кои живее во заедничко домаќинство.

ДКСК, со цел утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, за имотот на _________________ прибави податоци од Агенцијата за катастар на

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

недвижности, Министерстото за внатрешни работи, Управата за јавни приходи, Централниот депозитар за хартии од вредност и Централниот регистар на Република Северна Македонија.

ДКСК, исто така прибави податоци од Министерството за финансии, за остварени приходи од буџетски средства од страна на ______________ во периодот додека ја извршувала функцијата јавен обвинител во Основно јавно обвинителество __________________.

По разгледување на прибавените информации и податоци од надлежните институции и нивно споредување со податоците од анкетниот лист на __________________, ДКСК утврди дека нема елементи за нејзино натамошно надлежно постапување во конкретниот случај.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил:А.Ч., рак. на одделение
Одобрил: Ш.С., член на ДКСК

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANADALIM TË KORRUPSIONIT Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**